# АНАЛИЗА

Септември 2014

**ФОНДАЦИЈА КОНРАД АДЕНАУЕР**
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



**АВТОРИ:**

доц.д-р ЈАСМИНА МИРОНСКИ
доц.д-р МАРЈАН ТАНУШЕВСКИ

www.kas.de/macedonia

**Содржина**

- **Страна 1**
*Вовед*
- **Страна 2**
*Извештај за реализирано истражување*
- **Страна 2**
*Методи и цели на истражувањето*
- **Страна 3**
*Анализа на резултатите од истражувањето*
- **Страна 6**
*Заклучни согледувања*
- **Страна 7**
*Препораки*
- **Страна 9**
*Прилог: Истражуван материјал*

# Анализа на застапеноста на верските заедници во дневниот печат во Република Македонија

## ВОВЕД

**Со цел петте верски заедници во Република Македонија да остварат подобра комуникација со медиумите и јавноста Фондацијата Конрад Аденауер (КАС) реализира проект „Подобрување на капацитетот и умешноста на претставниците на верските заедници за односи со јавност во средствата за јавно информирање". Овој проект се состои од три фази кои опфаќаат: анализа на националниот дневен печат во врска со застапеноста на активностите на верските заедници, работилници за претставниците од верските заедници со цел стручно пренесување на знаење за подобри комуникациски вештини и изработка на прирачник за односи со јавност наменет за потребите на верските заедници во комуникацијата со пошироката јавност.**

Проектот има за цел зајакнување на комуникациските капацитети на претставниците на Македонската Православна Црква (МПЦ), Исламската Верска Заедница (ИВЗ), Католичката Црква (КЦ), Евангелско-методистичката Црква (ЕМЦ) и Еврејската заедница (ЕЗ) а воедно се темели на истражување за застапеноста на активностите на верските заедници во медиумите, транспарентноста на нивната работа и градењето заемна доверба што води кон унапредување на односите со јавноста.

Овој проект се реализира како резултат на позитивното искуство од претходните работилници одржани во рамките на проектот „Толеранција, дијалог, соработка", кој се реализираше во периодот од јануари до декември 2011 г. во организација на Фондацијата Конрад Аденауер и Институтот за Демократија „Социетас Цивилис"-Скопје, а поддржан од Европската Унија. Овој проект особено придонесе кон развивавње на сознанијата за потребата од прифаќање на различноста на верската припадност, меѓусебното разбирање и толеранција и потребата од правилна медиумска застапеност како суштина на комуникацијата со јавноста.

Во таа насока, сознанијата и проценките направени за време на реализација на работилниците врзани со работата на медиумите и нивната комуникација со верските заедници ја покажаа потребата од натамошна активност за континуирано унапредување на вештините на комуникација на претставниците на верските заедници. Таргет група се претставниците на петте верски заедници во Македонија односно лицата кои се одговорни за непречено известување и комуницирање со јавноста, како и за лицата кои се одговорни за подготвување и спроведување на зацртаните медиумски планови и стратегии.

Konrad Adenauer Stiftung

**АВТОРИ:**

доц.д-р ЈАСМИНА МИРОНСКИ
доц.д-р МАРЈАН ТАНУШЕВСКИ

**Септември 2014**

www.kas.de/macedonia

Со реализирање на овој проект, се очекува да се обезбеди подобрување и зајакнување на вештините за комуникација преку осознавањата на начинот на функционирање на медиумите согласно потребите на јавноста за обезбедување навремена, брза, транспарентна и валидна информација.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНО ИСТРАЖУВАЊЕ

Првата фаза која се однесува на анализа на националниот дневен печат во врска со застапеноста на активностите на верските заедници е завршена.

Истражувањето е спроведено од 30 април до 31 мај 2014 година, во период кога во Република Македонија нема големи верски празници на ниту една верска заедница, односно нема активности кои сами по себе се доминантни а со тоа и неминовно застапени во медиумите. Имајќи предвид дека одбележувањето на големите верски празници речиси секогаш наоѓа простор во сите медиуми во државава периодот во кој немаше верски празници придонесе за создавање на пореална слика за застапеноста на верските заедници во македонските медиуми.

Во овој извештај е презентиран спроведениот мониторинг за застапеноста на активностите на верските заедници во националниот дневен печат што на јавноста и се нуди на македонски и на албански јазик, како и сознанијата за начинот на водење односи со јавност добиени од директни контакти со претставниците на верските заедници во Македонија.

## МЕТОДИ И ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето имаше цел да утврди како и на кој начин претставниците на верските заедници во Република Македонија комуницираат со јавноста односно како и кои алатки ги користат за комуникација со медиумите за пренесување на точни, навремени и вредни за објавување информации. Истовремено, се покажа колку и како новинарите, во овој случај, печатените медиуми имаат интерес за објавување на вести, стории и други видови новинарски жанрови поврзани со активностите на верските заедници. Имајќи го предвид фактот дека крајната цел на овој процес се обезбедување податоци и резултати во функција на публиката/јавноста, успеавме да ја провериме т.н. „медиумска рамнотежа" во пристапот кон оваа чувствителна тема.

Тимот истражувачи, користејќи го методот „преглед на документација", во овој случај „директен преглед на дневниот печат", обезбеди релевантни информации за целните религиски групи.

Истражувањето се потпира на наменски избран примерок, односно сите печатени и електронски изданија на националните дневни весници на македонски јазик: „Вест", „Вечер", „Дневник", „Нова Македонија", „Слободен печат" и „Утрински весник" и весникот „Коха" на албански јазик. Наменски избраниот примерок овозможи целно насочено селектирање на информациите.

**АВТОРИ:**

доц.д-р ЈАСМИНА МИРОНСКИ

доц.д-р МАРЈАН ТАНУШЕВСКИ

**Септември 2014**

www.kas.de/macedonia

## АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето насловено како: **„Анализа на застапеноста на верските задници во дневниот печат во Република Македонија"** ги покажа следните резултати:

- Во период од 30 дена, во процесот на секојдневна анализа и мониторинг на секој од дневните весници (26 отпечатени броеви по весник, вклучувајќи двоброј), евидентирани се 104 новинарски прилози во различни форми на новинарско изразување.

- Според обезбедените показатели кои се составен дел на прилогот од овој извештај и приложениот графикон (сл.1), истражуваната тема најмногу е застапена во националниот дневен весник „Дневник" во 40 текстови од 26 изданија, а потоа следуваат: „Утрински весник" со 20, „Вест" со 14, „Нова Македонија"со 13, додека во дневниот весник „Вечер" се објавени 8, во „Слободен печат" 5, а во „Коха" регистриравме 4 новинарски текстови/прилози.




Сл.1

Од сликата бр.1 јасно може да се воочи дека најпосветен на темите од сферата на верските заедници во Република Македонија (истражуваната целна група) е весникот „Дневник", односно соодветната редакција која ги практикувала сите форми на новинарско информирање/известување.

- Од вкупните новинарски трудови според квантитативната анализа, 66 се посветени на настани и информации врзани за активности на религиските заедници од Република Македонија, 13 настани се активности на црковните заедници од странство, интервјуа, колумни, коментари, фото-репортажи и куси вести.

- Новинарските прилози, информации, колумни и интервјуа се на различни теми, (што позитивно изненадува и се чини е нов тренд во известувањето за прашања поврзана со религиите), но, притоа најмногу доминираат осврти посветени на отворениот проблем меѓу МПЦ-ОА и СПЦ (на домашно ниво), како и осврти посветени на како што се нарекува, историската средба меѓу Папата Франциско и Патријархот Вартоломеј.

**АВТОРИ:**

доц.д-р ЈАСМИНА МИРОНСКИ
доц.д-р МАРЈАН ТАНУШЕВСКИ

**Септември 2014**

www.kas.de/macedonia

- Новинарските прилози посветени на верските заедници, нивната активност, јавни произнесувања и ставови во 14 случаи се поставени на насловната страница на националните весници, што упатува на посебен редакциски интерес – што укажува дека темата е исклучително интересна и за општата јавност. Во 11 прилози на насловна страница се активности на верските заедници од Македонија, во 3 црковни настани во странство. Исто така публикувани се 4 колумни, 1 коментар, 12 други новинарски прилози.

- Истражувачкиот тим воочи само 17 новинарски прилози кои се поткрепени и изработени во директна комуникација со претставник на одредена верска заедница, односно дека само тогаш новинарот побарал или само тогаш добил изјава или интервју од претставник на верската заедница.

- Со истражувањето е воочено дека новинарите најчесто пишуваат врз принципот „дознаваме од црковни извори", „неофицијални црковни извори", „не потврдуваат ниту демантираат од црквата", „не се достапни за одговор" и сл. Воедно, се забележуваат информации посветени на верска заедница во кои се користи друг извор на информирање, на пример МВР, граѓанин, месно население и сл.

- Од објавените новинарски прилози, најголем дел се посветени за теми сврзани со активности на МПЦ-ОА, потоа за активностите на Католичката Црква објавени се 6 прилози (едно интервју), за Исламската верска заедница 5 прилози (1 во изданијата на македонски јазик), за Евангелско-методистичката Црква 0 прилози и за Еврејската заедница 1 новинарски прилог.

- Во весникот на албански јазик Коха се објавени четири текста, три за почеток на изградба на нови џамии и еден за став на поглаварот на ИВЗ Рејс Ул Улема Сулејман ефенди Реџепи, односно ниту еден текст за другите верски заедници во изданието на албански јазик.

- Во објавените новинарски прилози забележлив е интересот за други теми од животот/активноста на верските заедници, односно 11 теми во функција на развојот на црковниот или манастирскиот туризам, регистриравме затворање на една црква поради кавга, теми за користењето на фондовите на ЕУ за промоција и развој на туризмот со примери од странство, промоција на активности на локалната самоуправа за поголема посетеност на цркви или црковни објекти.

- Во истражуваниот материјал регистриравме 13 новинарски текстови за настани поврзани со активности на верските заедници во странство, односно Австрија, САД, Грција, Србија, Бугарија, Италија, Ватикан, Ерусалим и во Албанија. Тоа овозможува компаративна анализа, или согледување на тамошната соработка меѓу верските заедници и новинарите и притоа првиот впечаток е дека таа соработка е на повисоко ниво, наспроти состојбите во Република Македонија.

- Во објавените новинарски прилози регистриравме и текст кој директно посочува на процесите на лобирање и потребата од лобирање. Тоа се совпаѓа со една од целите на овој проект, односно пренесување знаења за лобирање и лобирачки вештини. Поконкретно, во текстот на „Дневник" со наслов „МПЦ се надева на лобирањето на бугарскиот патријарх Неофит", се препознаваат

**АВТОРИ:**

доц.д-р ЈАСМИНА МИРОНСКИ
доц.д-р МАРЈАН ТАНУШЕВСКИ

**Септември 2014**

www.kas.de/macedonia

многу елементи на ефикасни лобирачки активности како што се создавање пријателства („Бугарскиот патријарх има добри односи со Московската и Вселенската патријаршија...“), потоа користење на авторитети во креирањето на одлуки („бугарскиот патријарх се гледа како лобист за решавањето на отвореното црковно македонско прашање“), мотивирање на сојузништва и заеднички настапи („во православните кругови одржувањето на заедничко сослужување значи и своевидно признавање црковна автономност“), а се применуваат и други лобистички методи и техники како што се убедување, аргументирање и др.

- Во комуникациите со јавноста, истражувачкиот тим воочи дека претставниците на верските заедници користат пишувани соопштенија 6, изјави 23, интервјуа 2, обраќање преку „Фејсбук“ 1, дознаваме 16, јавно писмо 1, директен придонес во изработка на репортажа 5. (сл.2)



Сл. 2

Од графичкиот приказ лесно се заклучува дека само со директна комункација се изработува квалитетна информација за јавноста. Но, исто така лесно се воочува дека недоволно се користат останатите методи и техники за односи со јавност, дистрибуција на соопштенија, реализирани интервјуа и слично. За жал, на високо ниво е начинот на пренесување информации врз принципот „дознаваме од...“

- Единствено, националниот весник „Дневник“ секојдневно издвојува Верски календар на црковни празници што се регистрирани во православниот и католичкиот календар што не е случај со останатите верски заедници.

**АВТОРИ:**

доц.д-р ЈАСМИНА МИРОНСКИ
доц.д-р МАРЈАН ТАНУШЕВСКИ

**Септември 2014**

www.kas.de/macedonia

**ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА**

Од анализата спроведена врз националниот дневен печат во врска со застапеноста на активностите на верските заедници произлегуваат следниве заклучоци:

- Истражувањето на тема „**Анализа на застапеноста на верските заедници во дневниот печат во Република Македонија**" врз националниот дневен печат во текот на месец мај оваа година покажа дека новинарите најчесто се повикуваат на различни извори не секогаш нив именувајќи ги. Истовремено, забележливо е зголемено цитирање на изјави од претставниците на верските заедници, но во текстовите од периодот во кое е направено истражувањето, за жал, доминира пренесувањето информации врз принципот „дознаваме од..."

- Во весниците на македонски јазик најзастапени се теми за настани поврзани со активностите на МПЦ, додека во весникот Коха кој се печати на албански јазик доминираат теми поврзани со активностите на ИВЗ.

- Во весниците се забележува подвоеност во насока секој најчесто и најмногу известува за настани од верските заедници согласно својата читателска публика со исклучок на големи случувања кои ги засегнуваат сите граѓани на Република Македонија без разлика на нивната верска припадност.

Од директните контакти со претставниците на верските заедници во врска со начинот на водење односи со јавност произлегуваат следните заклучоци:

- Искуствата на претставниците на Верските заедници се дека новинарите/медиумите не се секогаш доволно информирани за нивната работа, за специфичната, според нив, улога што верските заедници ја имаат и согласно тоа начинот на кои тие функционираат. Од друга страна новинарската работа не ретко бара итност во добивање одговор од релеватните институции, отвореност и перманентност во комуникацијата што укажува дека постои натамошна потреба од градење и негување на постојана, транспарентна и конкретна соработка помеѓу медиумите и верските заедници.

- Претставниците на Македонската православна црква (МПЦ-ОА) имаат портпарол на Светиот архиерејски синод (САС), како единствено задолжено лице за односи со јавност и комуникација со новинарите. Комуникацијата со јавноста се врши повремено или по потреба. МПЦ-ОА има своја веб–страница (www.mpc.org.mk) која е добро уредена и на која можат да се најдат голем број информации врзани со православните празници, историјата на црквата, но што е уште поважно и голем број податоци за активности врзани со актулените настани во нејзина надлежност. Меѓутоа, и покрај добрата веб-страница забележлив е недостаток на двонасочна комуникација со верниците и општата јавност. Црквата користи современи комуникациски алатки како „фејсбук" само во одредени епархии и од страна на неколку црковни лица.

- Во Исламската верска заедница (ИВЗ) нема посебно лице за односи со јавност, но има лица задолжени за комуникација со јавноста. Соработката со средствата за јавно информирање е повремена или по потреба. ИВЗ има свој сајт (www.bfi.mk) кој е добро направен, изобилува со информации за активностите на оваа верска заедница но сите информации се единствено на албански јазик. Имајќи предвид дека во Република Македонија има голем број верници од муслиманска вероисповед кои не го говорат албанскиот јазик (Македонци Муслимани, Турци, Роми) се наметнува потребата од повеќе јазично ажурирање на сајтот, најмалку и на македонски. Забележано е и користење на други средства за јавно информирање, како на пример муфтиството од Кичево користи „фејсбук" иако имаат исклучително слаба посетеност.

**АВТОРИ:**

доц.д-р ЈАСМИНА МИРОНСКИ
доц.д-р МАРЈАН ТАНУШЕВСКИ

**Септември 2014**

www.kas.de/macedonia

- Претставниците на Католичка Црква практикуваат повремени односи со јавноста, немаат посебно лице за односи со јавност, имаат повремени реакции и изјави во јавноста. Католичката Црква има и своја веб-страница за својата катедрала во Скопје (www.skopska-katedrala.weebly.com). Веб страницата на Католичката Црква е добро организирана и редовно се одржува, што е показател за добрата комуникација со јавноста односно го потврдува доброто користење на комуникациските алатки за времено информриање на јавноста за нејзината работа. Меѓутоа, доминира хрватскиот јазик и само многу малку и многу кратки информации се на македонски. За разлика од скопската, веб страницата на струмичката катедрала е во прекин, што оневозможува комуникација со јавноста во овој регион во кои се наоѓа и најголемиот број верници. Католичката црква во Скопје има „фејсбук" со 433 посетители и ја користи оваа медиумска алатка за повик на миса.

- Евангелско-методистичката Црква нема посебно лице задолжено за односи со јавност. Во истражуваниот период не е регистриран ниту еден новинарски прилог посветен на активностите на оваа верска заедница. Оваа Црква има веб-страница (www.emc-umc.org.mk) која се ажурира согласно настаните. Последната информација за активностите на црквата е од 24 јуни 2014г.

- Еврејската заедница во Република Македонија со новинарите комуницира и соработува само по повод за разни значајни настани, изложби, промоции или свечености. Веб-страницата www.ezrm.org.mk се одржува повремено и служи јавноста да биде информирана за состојбите и активностите на таа заедница. Во моментот на веб-страницата стои „плакат" со информација Европскиот ден на еврејската култура од 5 септември 2012 г.

**ПРЕПОРАКИ**

Од спроведеното истражување, како и од искуствата од претходно одржаните работилници произлезе дека зајакнувањето на капацитетот и умешностите на претставниците на верските заедници задолжени за односи со јавност или практикување односи со јавност ќе придонесе да се подобрат двонасочните релации „јавност-верски заедници-јавност", ќе се намалат или минимизираат непрецизните информации во јавноста, но и шпекулациите кои најчесто негативно влијаат врз угледот на верската заедница.

Истражувањето покажа дека поголемиот дел од верските заедници немаат портпарол или лице задолжено за односи со јавност што е непходно за успешно спроведување на медиумската стратегија на секој субјект со цел јавноста да биде што подобро и поуспешно информирана и за да се запази транспарентност во работата.

Со оглед дека позитивен тренд е што во новинарските прилози во дневниот печат на Република Македонија забележлив е интересот за други теми од животот/активноста на верските заедници, а не само кога има одредени верски празници што со години беше пракса се потврдуваат сознанијата за потребата од натамошно унапредување на вештините за пласирање на приказни од различен карактер од страна на верските заедници.

Во текот на истражувањето се нотираа теми поврзани со развојот на црковниот или манастирскиот туризам, промоција и развој на туризмот со примери од странство, промоција на активности на локалната самоуправа за поголема посетеност на цркви или црковни објекти. Ваквиот вид на известување има двонасочен карактер – информативен и едукативен па согласно тоа се наметнува потребата од натамошно развивање на комуникацијата на релација новинари/медиуми – верски заедници.

**АВТОРИ:**

доц.д-р ЈАСМИНА МИРОНСКИ
доц.д-р МАРЈАН ТАНУШЕВСКИ

**Септември 2014**

www.kas.de/macedonia

Истражувачкиот тим воочи дека новинарите најчесто пишуваат врз принципот „дознаваме од црковни извори", „неофицијални црковни извори", „не потврдуваат ниту демантираат од црквата", „не се достапни за одговор" и сл., а се користи друг извор на информирање, на пример МВР, граѓанин, месно население и сл. Ова говори за потребата од натамошно развивање на вештините на претставниците на верските заедници за осознавање на сите видови на алатки за комуникација со медиумите со цел да се допре до јавноста преку различните активности што тие ги имаат а кои излегуваат од рамките на информирањето за верските празници и начинот на нивното практикување.

За целосна реализација на овој проект предвидени се три фази, а со завршувањето на првата - анализа на националниот дневен печат во врска со застапеноста на активностите на верските заедници и добиените сознанија за начинот на комуницирање со јавноста предвидени се работилници за претставниците од верските заедници за усовршување на комуникациските вештини и подготвување на прирачник за односи со јавност наменет за потребите на верските заедници во комуникацијата со медиумите и пошироката јавност.

*Оваа анализа е изготвена со поддршка на Фондацијата Конрад Аденауер.*
*Содржината на оваа анализа е единствена одговорност на авторите и на никаков начин не ги рефлектира гледиштата на Фондацијата Конрад Аденауер.*

**АВТОРИ:**

доц.д-р ЈАСМИНА МИРОНСКИ
доц.д-р МАРЈАН ТАНУШЕВСКИ

**Септември 2014**

www.kas.de/macedonia

**ПРИЛОГ: ИСТРАЖУВАН МАТЕРИЈАЛ**

**Истражување на дневниот печат: „Дневник"–„Вест"–„Утрински весник"–„Нова Македонија" –„Вечер"–„Слободен печат"–„Коха".**

**Почеток на истражувањето 30.04.2014 г.**

**Дневник**, 30 април/1 мај

1. Стр.11 „Од Акропол не се гледаат македонски џамии"
2. Стр.18 „Поп и на погреби облечен како рокер"

**Дневник**, 2 мај

3. Стр.4 „Светската јавност не е доволно запознаена со трагедијата на македонските Евреи"

**Дневник**,  5 мај

4. Стр.2-3 „Владиката Тимотеј: Јас би го помилувал Вранишкоски"

**Дневник**, 6 мај

5. Стр.5 „Повеќе владици подготвени за помилување на Вранишковски"
6. Стр.12 „веб-коментари"

**Дневник**, 7 мај

7. Стр.5 „Албанските имами регрутирале со странски пари"
8. Стр.11 „Проблем е што по помилувањето на Вранишкоски"

**Дневник**, 8 мај

9. Стр.5 „Синдот на МПЦ во вторник на специјална расправа за Вранишкоски"

**Дневник**, 10 мај

10. Стр.3 „Средба на г.г. Стефан со бугарскиот патријарх Неофит"
11. Подлисток Публика – „Свештеникот Стојко Ристевски за последната причест"

**Дневник**, 12 мај

12. Стр.5 „Православнитецркви молат за восок за свеќи"
13. Стр.5 „Првпат заедничко празнување на македонската  и на бугарската академија"

**АВТОРИ:**

доц.д-р ЈАСМИНА МИРОНСКИ
доц.д-р МАРЈАН ТАНУШЕВСКИ

**Септември 2014**

www.kas.de/macedonia

**Дневник**, 13 мај

14. Стр.5 „МПЦ се надева на лобирањето на бугарскиот патријарх Неофит"

**Дневник**, 14 мај

15. Стр.4 „Помош за една од најбогатите православни цркви"

**Дневник**, 15 мај

16. Стр.4 „СПЦ попушта за Вранишковски за да почне дијалогот со МПЦ? "
17. Стр.18 „Галеријата на икони влече туристи во Музејот на Македонија"

**Дневник**, 16 мај

18. Стр.11 „Украдени четири икони од црква"
19. Стр.13 Страшна трансвеститска и попска брада"

**Дневник**, 17/18 мај

20. Стр.6 „Како СПЦ досега ги примала сите наши службени писма? "
21. Прилог Публика „Црквите во село Судик меѓу баењето и благословите"

**Дневник**, 20 мај

22. Стр.3 „МПЦ донира 50.000 евра"

**Дневник**, 21 мај

23. Стр.3 „Патријархот Иринеј не може да се повикува на господ за поплавите"
24. Стр.11 „Автокефален скрининг за МПЦ "

**Дневник**, 22 мај

25. Стр.2 „Иванов се сретна со папата Франциско"
26. Стр.5 „СПЦ не знае кои услови МПЦ не ги исполнува за автокефалност"

**Дневник**, 23 мај

27. Стр.2 „Вредна реликвија дојде во Македонија"
28. Стр.19 „Обновен манастирот Еленец кај село Цера"
29. Стр.19 „Чествување за првиот архиепископ на МПЦ-ОА г.г. Доситеј"
30. Стр.20 „Македонија во чест на свети Кирил"

**Дневник,** 24/25 мај

31. Стр.5 „Патријархот Вартоломеј и папата Франциско чекорат кон обединувањето"
32. Стр. 18 „Вистината на древната македонска култура во срцето на Рим"

**АВТОРИ:**

доц.д-р ЈАСМИНА МИРОНСКИ
доц.д-р МАРЈАН ТАНУШЕВСКИ

**Септември 2014**

www.kas.de/macedonia

**Дневник**, 26 мај

33. Стр.11 „Нова надеж во Ерусалим"
34. Стр.17 „Во Прилеп целосно реконструирани германските воени гробишта"

**Дневник**, 28 мај

35. Стр.2-3 „Признавање на папата како претставник на Исус"
36. Стр.10 „Иконите запленети кај Тимио да и припаднат на Албанија"
37. Стр 11 „Дали Вартоломеј ќе стане унијат? "

**Дневник**, 30 мај

38. Стр.2 „Да се сретнат моштите на учителот св.Кирил и на ученикот св. Климент"
39. Стр.10 „Ограбена црква во Аеродром"

**Дневник**, 31 мај/1 јуни

40. Стр.2-3 „Исламот е најголемиот проблем во Европа"

---

**Вест**, 30 април/1 мај

1. Стр.3 „МПЦ-ОА ќе ги обновува преговорите со СПЦ"

**Вест**, 2 мај

2. Стр.5 „Докторите ќе учат да бидат добри христијани"
3. Стр.43 „Горан Пандев денеска кај Папата"

**Вест**, 3/4 мај

4. Ексклузивен додаток „Вест во обновениот манастарски комплекс по пожарот во 2009"

**Вест**, 7 мај

5. Стр.16 „Најзагрозено културното наследство на југоисточна Европа"

**Вест**, 14 мај

6. Стр.6 „Пејковски: Немавме комбе за Вранишковски"

**Вест**, 16 мај

7. Стр.4 „Ќе се регистрира епархија на МПЦ-ОА во Австралија"

**Вест**, 17/18 мај

8. Стр.2 „СПЦ вели нема писмо, МПЦ тврди пратила две"

**АВТОРИ:**

доц.д-р ЈАСМИНА МИРОНСКИ
доц.д-р МАРЈАН ТАНУШЕВСКИ

**Септември 2014**

www.kas.de/macedonia

**Вест**, 22 мај

9. Стр.7 „Ѓоле и Маја пет дена во Рим"

**Вест,** 23 мај

10. Стр.3 „Моштите на свети Кирил прв пат во Македонија"

**Вест**, 24/25 мај

11. Стр.2 „МПЦ не знае дали моштите се оригинал"

**Вест**, 26 мај

12. Стр.6 „Дел од моштите на Св. Кирил се вратија во близината на родниот Солун"
13. Стр.6 „Сесловенско чествување на гробот на св. Методиј во Германија"

**Вест,** 28 мај

14. Стр.15 „Се отвори римската средновековна Систинска капела"

---

**Утрински весник**, 2 мај

1. Стр.15 „Откриено старо манастирско писмо во Бигорски"
2. Стр.28 „Како уметник се пронајдов во зографството"

**Утрински весник**, 6 мај

3. Стр.4 „По Тимотеј, и Пимен е за помилување на Вранишковски"
4. Стр.11 „Проблем е што по помилувањето на Вранишкоски"

**Утрински весник,** 7 мај

5. Стр.2 „Вранишковски не бара ослободување"

**Утрински весник**, 15 мај

6. Стр.7 „МПЦ чека абер од СПЦ за продолжување на дијалогот"

**Утрински весник**, 16 мај

7. Стр.6 „Се откажуваат ли СПЦ и МПЦ од големите условувања? "

**Утрински весник**, 17/18 мај

8. Стр.2 „Дијалогот со СПЦ ќе почека"
9. Стр.3 „Не сме добиле никакво писмо"
10. Стр.5 „Крадците ги опустошија македонските цркви"
11. Стр.6 „Се проширува патот до манастирот „Св.Јован Бигорски"

**АВТОРИ:**

доц.д-р ЈАСМИНА МИРОНСКИ
доц.д-р МАРЈАН ТАНУШЕВСКИ

**Септември 2014**

www.kas.de/macedonia

**Утрински весник**, 19 мај

12. Стр.5 „Камен темелник на нова црква во штипско Ново село"
13. Стр.19 „Обновен манастирот Еленец кај село Цера"
14. Стр.19 „Чествување за првиот архиепископ на МПЦ-ОА г.г. Доситеј"
15. Стр.20 „Македонија во чест на свети Кирил"

**Утрински весник**, 23 мај

16. Стр.13 „Папата Франциско на пат кон Светата земја"
17. Стр.18 „Вистината на древната македонска култура во срцето на Рим"

**Утрински весник**, 26 мај

18. Стр.2 „Одбележан денот на светите браќа"
19. Стр.13 „Папата Франциско во Витлеем"

**Утрински весник**, 28 мај

20. Стр.15 „На кој јазик зборувал Исус"

---

**Нова Македонија**, 5 мај

1. Стр.2 „Свети Кирил и Методиј ќе ги зближат МПЦ и БПЦ"

**Нова Македонија**, 6 мај

2. Стр.5 „Моштите и иконата на свети Георгиј ќе ја благословат Струга"

**Нова Македонија**, 7 мај

3. Стр.2 „Владиците на МПЦ само со единствен став до преговори со СПЦ"

**Нова Македонија**, 9 мај

4. Стр.5 „Црковната ѓурѓовденска поворка ги сплоти стружани" (фото-репортажа)

**Нова Македонија**, 12 мај

5. Стр.4 „МПЦ достоинствено пречекана од БПЦ"

**Нова Македонија**, 13 мај

6. Стр.4 „МПЦ може да очекува помош од БПЦ"

**Нова Македонија**, 15 мај

7. Стр.13 „Помилување за Вранишковски" (колумна)

**АВТОРИ:**

доц.д-р ЈАСМИНА МИРОНСКИ
доц.д-р МАРЈАН ТАНУШЕВСКИ

**Септември 2014**

www.kas.de/macedonia

**Нова Македонија**, 16 мај

8. Стр.2 „МПЦ чека одговор од СПЦ"

**Нова Македонија**, 20 мај

9. Стр.10 „Нехристијанските игри на СПЦ"

**Нова Македонија**, 22 мај

10. Стр.4 „И Македонија е за единство во христијанството"

**Нова Македонија**, 23 мај

11. Стр.4 „Светите Кирил и Методиј од Македонија го обединуваат христијанството"

**Нова Македонија**, 29 мај

12. Стр.5 „Христијаните да ја исполнат желбата на Исус, сите да бидат едно" (интервју)

**Нова Македонија**, 31 мај/1 јуни

13. Стр.4 „Ниту селската слава не ги запре кавгите во Сопиште"

---

**Вечер**, 6 мај

1. Стр.3 „Македонија и Бугарија заедно ќе го чествуваат Денот на сесловенските просветители"

**Вечер**, 8 мај

2. Стр.4 „Вонредна седница на Синодот за случајот Вранишковски"

**Вечер**, 12 мај

3. Стр.4 „Научниците треба да се ослободат од политички и идеолошки зависности"

**Вечер**, 14 мај

4. Насловна страница „Слобода за Вранишковски значи подобра позиција за МПЦ"

5. Стр.5 „Слобода за Вранишковски значи подобра позиција за МПЦ"

   На истата страница во рамка протоколарно – „Црковниот врв на честито кај претседателот Иванов"

**Вечер**, 15 мај

6. Стр.3 „Затворската управа не го спроведе Вранишковски во судница"

**АВТОРИ:**

доц.д-р ЈАСМИНА МИРОНСКИ
доц.д-р МАРЈАН ТАНУШЕВСКИ

**Септември 2014**

www.kas.de/macedonia

**Вечер**, 20 мај

7. Стр.5 „Не сме ние тие кои одлучуваат кој ќе биде затворен, кој ослободен или пак помилуван" (интервју)

**Вечер**, 31 мај/1 јуни

8. Стр.8 „Верниците од Долно Коњаре ќе добијат нов храм "

---

**Слободен печат,** 6 мај

1. Стр.3 „МПЦ пролетва на агендата на СПЦ, Тимотеј бара слобода за Јован ? "

**Слободен печат,** 7 мај

2. Стр.4 „МПЦ ќе бара од Иванов да го помилува Јован?"

**Слободен печат,** 12 мај

3. Стр.4 „Скопската епархија ги зауздува народните одбори"

**Слободен печат,** 15 мај

4. Стр.4 „Црквите како договорени, судот како под команда ?! "

**Слободен печат,** 16 мај

5. Стр.4 „Потопената црква во Мавровско Езеро ќе стане остров? "

---

**Коха,** 10 мај

1. Стр.2 „Sulejman Rexhepi: BFI do ta mbrojë verdiktin dhe vullnetin e popullit "

**Коха,** 19 мај

2. Стр.2 „Përurohet xhami e re në Çair"

**Коха,** 20 мај

1. Стр.9 „Restaurohet Xhamia e Hajdar Kadisë në Manastir"

**Коха,** 23/25 мај

2. Стр.4 „Në "Aja Sofinë" e Manastirit vazhdojnë punimet"

Konrad Adenauer Stiftung

Фондација Конрад Аденауер

**Проект:** „Подобрување на капацитетот и умешноста на претставниците на верските заедници за односи со јавност во средствата за јавно информирање„

Максим Горки 16/кат 3
Република Македонија
1000 Скопје

Телефон: +389 (2) 323 1122
Факс: +389 (2) 313 5290
Е-маил: Skopje@kas.de

*Оваа анализа е изготвена со поддршка на Фондацијата Конрад Аденауер. Содржината на оваа анализа е единствена одговорност на авторите и на никаков начин не ги рефлектира гледиштата на Фондацијата Конрад Аденауер.*